# Република Северна Македонија

- ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА -

Сектор за стопанисување со пасишта

20 декември 2019

Архивски број: 02-352/7

**ДО**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ул.Илинденска бр.2**
**1000 Скопје**

**Предмет**: Доставување на Годишна инвестициона програма за 2020 година и Предлог –Одлука , согласно забелешките од седницата на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија одржана на 20.12.2019 година.

ЈП за стопанисување со пасишта, Ви доставува Годишна инвестициона програма за 2020 година и Предлог-Одлука,согласно забелешките на Секретаријат за законодавство за одредени технички грешки.

**Во прилог:**
**-Годишна инвестициона програма за 2020 година.**
**-Предлог-Одлука за давање Согласност.**

Д-р Ѓулзим Фејзулаи
Директор

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR EKONOMIZIM ME KULLOSA
СКОПЈЕ SHKUP


Бул. „Партизански одреди“ бр. 145,
Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3064 221
www.jppasista.mk

# Република Северна Македонија

- ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА -

Сектор за стопанисување со пасишта

02-352/7

**ДО**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ул.Илинденска бр.2**
**1000 Скопје**

**Предмет**: Дополнување-Доставување на податоци согласно усното укажување од седницата на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија одржана на 20.12.2019 година.

ЈП за стопанисување со пасишта, врз основа на побараните податоци од наведената седница на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија одржана на 20.12.2019 година,во делот на планираните приходи за 2020 и 2019 година и одстапувањата во однос на двете години, Ве известува дека:

-2019 година - ЈП за пасишта планирани - 45.534.975,00 денари приходи
-2020 година – ЈП за пасишта планирани – 41.050.000,00 денсри приходи

или за 2020 година планирано е 9 % намалување на планирани приходи.

Д-р Љулзим Фејзулаи
Директор

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА • NDERMARRJA PUBLIKE PËR EKONOMIZIM ME KULLOSA • СКОПЈЕ SHKUP


Бул. „Партизански одреди“ бр. 145,
Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3064 221
www.jppasista.mk

Врз основа на членот 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија"бр. 38/96, 6/02, 40/03,49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на __________ година донесе :

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2020 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма за 2020 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта бр.02-352/7 од 06.12.2019, усвоена со одлука на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта на седницата одржана на 06.12.2019.
2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.____________
_____________година
Скопје

Претседател на
Владата на Република Северна Македонија
Зоран Заев, с.р.

____________________

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR
EKONOMIZIM ME KULLOSA
Бр.-Nr. 02-352/7
6. 12. 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА**

# ГОДИШНА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА
# ЗА 2020 ГОДИНА
**на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта**

декември, 2019 година

Врз основа на членот 19 став 2 точки 5 и 6, од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 38/96, 06/02, 40/30, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15,39/16, 64/18 и 35/19) и членот 15 точка 6 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје, Управниот одбор на 36 -тата седница одржана на 6.12.2019 година, усвои:

# **Г О Д И Ш Н А И Н В Е С Т И Ц И О Н А П Р О Г Р А М А**
## **за 2020 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта**

Член 1

Износот на Инвестиоционата програма за изведување на мерки за подобрување на условите на пасиштата, за 2020 година, е утврдено да биде вкупно **6.254.000** денари со ДДВ.

Годишната инвестициона програма, за реализација на планираните мелиоративни мерки со распоред на средствата на ниво на подружница се дадени во посебен дел од Прегледот на планираните активности и тоа се: реконструкција на постојните и пробивање на земјените патишта до пасиштата и изработка на бушотини за бунари за вода.

Член 2

Средствата кои се користат за реконструкција на постојните и пробивање на нови земјени патишта до пасиштата и изработка на бушотини за бунари за вода, ќе бидат обезбедени од сопствени средства од страна на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, во износ од **6.254.000** денари.

Член 3

Набавката и реализирањето на сите активности од оваа Програма ќе се врши од страна на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта на Република Северна Македонија, во согласност со законските прописи кои важат за преземање на ваков вид мерки, што подразбира спроведување на постапка во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Планираните набавки на работи, реконструкција на постојните и пробивање на нови земјени патишта до пасиштата, како и изработка на бушотини за бунари, што се составен дел во оваа Програма, ќе бидат наменети за подобрување на условите за користење на пасиштата од страна на корисниците на пасиштата, како правни така и физички лица.

Член 5

Пред спроведување на планираните мерки на пасиштата наведени во Годишната инвестициона програма, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, ангажира и во соработка на стручни лица ќе изработи соодветни документи-пресметки, премери како и

проекти – елаборати за реконструкција на постојните и пробивање на нови земјени патишта до пасиштата и санација на постојните бачила на пасиштата.
Со овие проекти ќе се утврдат точните траси на патиштата, должините на истите, со потребни дополнителни активности за заштита и санација на критичните места како и активности за испитување и истражување на теренот за изнаоѓање и лоцирање на најповолните точки за спроведување на потребните зафати за изработка на бушотини за бунари за вода, во согласност со кои ќе се создадат услови за преземање на активности за објавување на огласи за јавна набавка на работи од овој тип, предвидени со Законот за јавни набавки.

Член 6

Рокот за изведување на сите предвидени активности е март - ноември 2020 година, во заедничка соработка со корисниците на пасиштата.

Член 7

Оваа Програма влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**Ј.П. за стопанисување со пасишта**
**претседател на Управен одбор**
**/Живка Ѓуфтева/**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА
NDERMARRJA PUBLIKE PËR EKONOMIZIM ME KULLOSA
СКОПЈЕ
SHKUP

**Скопје, декември 2019 година**

## 1. Образложение кон Годишната инвестициона програма за 2020 година.

Со Годишната инвестициона програма се планираат мерки за унапредување и подобрување на условите за користење на пасиштата.

Висината на средствата и обемот на мерките предвидени со Годишната инвестициона програма за 2020 година, кои Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта ќе ги обезбеди во висина од **6.254.000** денари и истите ќе се користат дел за унапредување и подобрување на условите на пасиштата.

Соодветно на финансиските можности во овој период, предвидено е и планирано реконструкција на постојните патишта до пасиштата во должина од 5 км; пробивање на земјени патишта до пасиштата во должина од 9 км; изработка на 10 бушотини за бунари за вода.

| *Ред. бр.* | **Вид на мерка** | **Количина** | **Цена по единица мерка**-(денари) | **Износ** (денари) | **ддв 18 %** |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | Пробивање на земјени патишта до пасишта | 7 км | 200.000 | 1.400.000 | 252.000 |
| *2* | Реконструкција на постојни земјени патишта до пасишта | 9 км | 100.000 | 900.000 | 162.000 |
| *3* | Изработка на бушотини за бунари за вода | 10 парчиња | 300.000 | 3.000.000 | 540.000 |
| | В к у п н о | | | ***5.300.000*** | ***954.000*** |
| | ***ВКУПНО со ДДВ:*** | | | ***6.254.000*** | |

Една од мерките предвидена со Годишната инвестициона програма е реконструкција на постојните земјени – некатегоризирани патишта до пасиштата, со што ќе се овозможи полесен пристап на сточарите – корисниците на пасишта до пасиштата каде ги напасуваат и се стационирани со нивните стада во објектите – бачилата. Имајќи предвид дека еден подолг период од годината, мај – октомври, сточарите ги користат пасиштата за напасување на својата стока на прекрасните предели на планинските масиви во Северна Македонија, од каде што се добива високо квалитетно и чисто млеко како основна суровина за традиционално подготвеното наше добро препознатливо овчо сирење, се јавува потреба од олеснување на комуникацијата до овие предели со реконструкција на постојните земјени – некатегоризирани патишта како и со изградба – пробивање на нови земјени – некатегоризирани патишта до пасиштата. Со реконструкција и пробивање на новите земјени патишта ќе се овозможи побрз и полесен транспорт на целокупната опрема, стока, луѓе кои се користат во периодот на напасување на стоката во овие предели.

Исто така, се планира изработка на 10 бушотини за бунари за вода,кои ќе се изработат со бушење со машини утврдени за таа намена, по претходно прецизирање на локациите конкретните места - точки кои претставуваат сигурен потенцијал на вода со која ќе се напојува добитокот во регионите каде во текот на топлиот период од годината се појавува недостиг со вода за напојувањето а со тоа се загрозува и опстојувањето на добитокот во тој период. Со овие активности и изработка на овие бушотини, се надеваме дека ќе се надминат овие проблеми а со тоа и олеснувањето на активностите на корисниците на пасиштата при чување на добитокот.

За спроведување на горе наведените активности, реконструкцијата на постојните и пробивање на нови земјени – некатегоризирани патишта до пасиштата и изработка на бушотини за бунари за вода, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта во соработка со стручни лица од овие области, ќе треба да изготват соодветни документации и пресметки-премер како и проекти – елаборати со локација, траси и должини, активности за извршување на овие работи со планирани трошоци за овие активности, како би се создале услови за покренување на постапка за објавување на Оглас за јавна набавка на работи за истите.

Во самата Годишна инвестициона програма дадени се вредности на планираните работи, по процена направена од страна на самото Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта, имајќи ги предвид искуствата од минатите години за слични или исти активности.

Во продолжение се претставени, количината и висината на средствата за мерките: реконструкција на постојните и пробивање на нови земјени - некатегоризирани патишта, Изработка на бушотини за бунари за вода, кои ќе се преземат во 2020 година, прикажано по подружници на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

## ПРЕГЛЕД НА МЕРКИ ПО ПОДРУЖНИЦИ

### *ПРЕГЛЕД НА МЕРКИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ НА ПАСИШТАТА ПО ПОДРУЖНИЦИ*

| Ре. бр. | **Преземање мерки – набавка на работи за изработка на бушотини за бунари за вода за напојување на добитокот** | **Цена на чинење** |
|---|---|---|
| **1.** | **ПОДРУЖНИЦА ДЕБАР**<br>(со општините: Дебар, Центар Жупа, Струга, Вевчани, Охрид и Дебарца) | |
| | **Изработка на бушотини за бунари за вода 1** | **300.000,00** |
| **2.** | **ПОДРУЖНИЦА КРАТОВО**<br>( со општините: Кратово, Пробиштип, Злетово, Крива Паланка и Ранковце). | |
| | **Изработка на бушотини за бунари за вода 1** | **300.000,00** |
| | **Реконструкција на некатегоризирани земјени патишта до пасишта 4 км** | **400.000,00** |
| **3.** | **ПОДРУЖНИЦА БИТОЛА**<br>(со општините: Битола, Новаци, Могила, Ресен, Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Демир Хисар и Пласница) | |
| | **Изработка на бушотини за бунари за вода 2** | **600.000,00** |
| **4.** | **ПОДРУЖНИЦА СТРУМИЦА**<br>(со општините: Струмица, Ново Село, Босилово, Василево, Радовиш, Конче, Гевгелија, Богданци, Дојран и Валандово). | |
| | **Изработка на бушотини за бунари за вода 2** | **600.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **ПОДРУЖНИЦА СВЕТИ НИКОЛЕ**<br>(со општините: Штип, Карбинци, Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Лозово, Велес, Градско и Чашка)<br><br>**- Изработка на бушотини за бунари за вода 3**<br>**-Реконструкција на некатегоризирани земјени патишта до пасишта 5 км село Врановци-Ново Село-Општина Чашка**<br>**- Пробивање на некатегоризирани земјени патишта до пасишта 0,5 км село Крајници –Општина Чашка**<br>**- Пробивање на некатегоризирани земјени патишта до пасишта 1,5 км село Долно Јаболчиште-Општина Чашка**<br>***Сè вкупно со ДДВ :*** | <br><br><br>**900.000,00**<br>**500.000,00**<br><br>**100.000,00**<br><br>**300.000,00** |
| 6. | **ПОДРУЖНИЦА ГОСТИВАР**<br>(со општините: Гостивар, Врапчиште, Кичево,Вранештица, Македонски Брод, Маврово и Ростуше).<br><br>**-Пробивање на некатегоризирани земјени патишта до пасишта 5 км село Равен-село Горно Јеловце**<br>**-Изработка на бушотини за бунари за вода 1** | <br><br><br>**1.000.000,00**<br><br>**300.000,00** |
| | ***Се вкупно*** | ***5.300.000,00***<br>***+ 954.000,00 ДДВ***<br>***6.254.000,00 денари*** |

## Табеларен преглед на планирани мерки на пасиштата по подружници

| | Подружница | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ЗЕМЈЕНИ ПАТИШТА ДО ПАСИШТАТА(км) | БУШОТИНИ ЗА БУНАРИ ЗА ВОДА | ПРОБИВАЊЕ НА ПАТИШТА ДО ПАСИШТАТ (км) | ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ДЕБАР | / | 1 | / | 300.000,00 |
| 2 | КРАТОВО | 4 | 1 | / | 700.000,00 |
| 3 | БИТОЛА | / | 2 | / | 600.000,00 |
| 4 | СТРУМИЦА | / | 2 | / | 600.000,00 |
| 5 | СВЕТИ НИКОЛЕ | 5 | 3 | 2 | 1.800.000,00 |
| 6 | ГОСТИВАР | / | 1 | 5 | 1.300.000,00 |
| 7 | ВКУПНО: | 9 км | 10 ПАРЧИЊА | 7 км | 5.300.000,00 + 954.000,00 ДДВ<br>6.254.000,00 денари |
| 8 | Вкупно средства по мерки (денари) | 1.062.000,00 | 3.540.000,00 | 1.652.000,00 | 6.254.000,00 денари |

**Ј.П за стопанисување со пасишта**
**Управен одбор**
**претседател**

**/Живка Туфтева/**

**Скопје, декември 2019 год.**